Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-225/6
15.05.2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 15.05.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2025 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации во 2025 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на општина Градско кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување на и афирмирање на културниот идентитет и културното наследство на општина Градско;
- Поттикнување на граѓаните да учествуваат во културно- уметнички активности и манифестации и да ги развиваат своите уметнички афинитети;
- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Градско во областа на културата во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Градско во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2025 година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Градско за 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Активности** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| 1 | Одржување на пролетна културна манифестација „Фолклоријада Градско“ | -Министерство за култура | 81.000,00 денари |
| 2 | Поддршка на Културни уметнички друштва | Општина Градско | 100.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Одбележување на Патронот на Градско „Св. Апостол Павле“- 13 Јули<br>-уметнички дел 1.500.000,00<br>-репрезентација 50.000,00<br>-опрема 230.000,00<br>-сместување 100.000,00<br>-екипа на Брза помош 13.000,00<br>-договорни услуги 44.000,00<br>-дриги материјали 40.000,00 | -Општина Градско<br>-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 1.977.000,00 денари |
| 4 | Одбележување на 11 Октомври- Денот на народното востание на РМ | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 5 | Одбележување на 8-ми Ноември- денот на ослободувањето на Граско | Општина Градско | 1.000,00 денари |
| 6 | Традиционално одбележување на 16 Декември- денот на општина Градско | Општина Градско | 150.000,00 денари |
| 7 | Организирање на крводарителска акција | Општина Градско | 30.000,00 денари |
| 8 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Богојавление Водици“- 19 Јануари кога крстот се фрла во водите на реката Вардар во соработка со Црковниот одбор | Општина Градско | 20.000,00 денари |
| 9 | Поддршка за одбележување на денот на Ромите 8 Април | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 10 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Константин и Елена“- 3 Јуни во село Свеќани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 11 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Спасовден“ во село Ногаевци | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 12 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Илинден“ 2 Август во село Виничани | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 13 | Поддршка за одбележување на верскиот празник „Голема Богородица“ 28 Август во село Горно Чичево | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| 14 | Одбележување на денот на Бошњаците 28 Септември | Општина Градско | 10.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **2.420.000,00 денари** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансисраат со средства од Буџетот на општина Градско за 2025 година, Министерството за култура, спонзорства и донации.

При реализирање на Програмата, Советот на општина Градско ќе ги поддржи институциите и здрижениjата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на културата, финансирани од други инвеститори- заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага културата се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско".

Совет на Општина Градско
Претседател
__________________________
Мирјана Ѓорѓиева